**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГРАДСКО**
**Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности**

УП БР. 12-240
од 13.11.2017 год.
Градско

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) и донесената Годишна програма за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2017 година со Одлука бр. 08-254/4 од 25.08.2017 година , од Советот на Општина Градско, Градоначалникот на Општина Градско го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ГРАДСКО, ОПШТИНА ГРАДСКО

Се известуваат граѓаните на Општина Градско дека Градоначалникот на Општина Градско донесе Решение за започнување постапка за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ГРАДСКО, ОПШТИНА ГРАДСКО предлог плански период 2016-2026 година, тех.бр.51/15 од октомври 2017 година, изработен од ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со површина од 202.66ха.

Местоположбата на планскиот опфат го опфаќа атарот на село Градско, додека самата граница на планскиот опфат е одредена со површината населена со селско население заедно со локациите за функциите кои се потребни за уредување на населеното место.

Јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ГРАДСКО, ОПШТИНА ГРАДСКО, предлог план плански период 2016-2026 година ќе се одржи на ден 21.11.2017 година (Вторник) со почеток во 12:00h во просториите на Општина Градско.

Јавната анкета ќе се спроведе во периодот од 17.11.2017 година до 23.11.2017 година и ќе трае 5 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, кои можат да ги подигнат од просториите на Општина Градско.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско
Роберт Бешовски